## УПАТСТВА ЗА ПОДГОТОВКА НА АПСТРАКТ И Е-ПОСТЕР

# ВТОРА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
# НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА ВО СКОПЈЕ
# СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

Официјален јазик на конгресот ќе биде македонски и англиски.

**Краен рок за испраќање на апстракти за Зборникот на апстракти е 01.03.2026 година**

## УПАТСТВО ЗА ПОДГОТОВКА И ПРИЈАВУВАЊЕ НА АПСТРАКТ

Апстрактите треба да се испратат на меилот andrea_gorgioska@hotmail.com со назнака (subject) АПСТРАКТ ЗА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Нема ограничување на бројот на пријавени трудови од еден автор. Ако пријавувате повеќе од еден апстракт тие мора да бидат испратени одделно.

Секој апстракт ќе биде разгледан од Научниот одбор, кој ќе донесе одлука за прифаќање или одбивање, како и за видот на презентација (усна презентација или електронски постер).

Сите апстракти ќе бидат објавени во Книга на апстракти.

## УПАТСТВО ЗА ПИШУВАЊЕ НА АПСТРАКТИ

**Труд со оригинални резултати:** Апстрактот треба да содржи Вовед, Цел, Материјал и методи, Резултати и Заклучок. Авторите прикажуваат податоци од сопствени истражувања.

**Ревијален труд:** Апстрактот содржи Вовед, Цел, Обработка и Заклучок. Претставува оригинален и детален приказ на определен проблем или тема за која авторот има искуство и придонес (се однесува на апстракти од поканети предавачи)

**Приказ на случај:** Апстрактот содржи Вовед, Приказ на случај и Заклучок.

**Подготовка на текстот**

- Апстрактот да биде напишан на македонски или на англиски јазик
- Единечен проред, фонт Times New Roman, големина 12
- Максимален број на зборови: 400
- Наслов на апстрактот – напишан со големи букви и болдиран, максимален број зборови 20
- Автори – презиме и прва буква од името, името на презентирачкиот автор да биде болдирано,
- Институциите да се наведат според редоследот на авторите, соодветно нумерирани. За студенти и специјализанти, како институција да се наведе факултетот и универзитетот на кој студираат.

## ПРОПОЗИЦИИ ЗА УСМЕНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ

Време на презентација:Поканети предавачи 15 мин, Соопштенија:10 мин, Приказ на случај:7 мин.

- Презентацијата треба да биде изготвена во Microsoft Power Point верзија 2010 или 2013
- Презентацијата треба да биде доставена на организаторот најмалку 4 часа пред сесијата
- Доколку во презентацијата се споменуваат фармацевтски компании или лекови, авторот е должен на првиот слајд да декларира конфликт на интереси
- Организаторот не сносува одговорност за точноста и оригиналноста на пријавениот труд

## УПАТСТВО ЗА ПОДГОТОВКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ ПОСТЕР

Ако труд пријавен како електронски постер е селектиран за усна презентација, еден од авторите треба да го изложи во 5-7 мин. Постерот треба да се изработи на еден од понудените шаблони, кои ќе ги најдете на интернет страницата https://dermatologija.org.mk/mk/.